2

Република Северна Македонија
Republika e Maqedonisë së Veriut
ВЛАДА НА РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА
QEVERIA E REPUBLIKËS SË MAKEDONISË SË VERIUT
Скопје-Shkup

| Примено: | 30.06.2020 | | |
|---|---|---|---|
| Орг.Един. Njësia Org. | Број: Numër: | Прилог: Shtojcë: | Вредност: Vlerë: |
| 45- | 1012/2 | / | / |

**Влада на Република Северна Македонија**

- ГЕНЕРАЛЕН СЕКРЕТАРИЈАТ -

**Здружение за подршка и развој Хуманост, Скопје**

(Име на здружението/ фондацијата)

## ЗАВРШЕН ОПИСЕН И ФИНАНСИСКИ ИЗВЕШТАЈ ЗА ПРОЕКТОТ

**Социјално претпријатие ХуманаС**

(Име на проектот)

Скопје, 20.06. 2020 година
(Место) (датум)

## 1. Општи информации за проектот и корисникот

| | |
|---|---|
| Број на договор за обезбедување финансиска поддршка | 29-78/2 |
| Име на здружението/фондацијата корисник | Здружение за поддршка и развој Хуманост, Скопје |
| Наслов на проектот | Социјално претпријатие ХуманаС |
| Период на спроведување на проектот | од 20.10.2019 година до 20.06.2020година |
| Лице овластено за застапување на корисникот | Сашко Јованов |
| Проектен менаџер | Дамјан Николовски |
| Телефон и е-пошта за контакт | contact@humanost.org.mk,sashejovanov@humanost.org.mk 072 229 418 и 02 5112 716 |
| Цел на проектот | **Општа цел** Подобрување на социјалните процеси и услови преку обезбедување на професионална грижа за стари лица, лица со посебни потреби и лица со Алцхајмерова болест и интелектуална попреченост. **Цел на проектот** Обезбедување на социјална инклузија и работни места за луѓе со социјален ризик и долгорочно невработени |
| Целна група | 10 лица (млади, долгорочно невработени лица, лица во социјален ризик од различни етнички заедници) |
| Целно подрачје и локација каде се спроведувал проектот | Град Скопје |
| Вкупна вредност на проектот (според договорот за обезбедување финансиска поддршка) | 600.000,00 ден. |
| Вкупно потрошени средства до денот на завршување на проектот | 600.000,00 ден. |

## 2. Резиме - Краток преглед на спроведените активности и оценка на постигнатите резултати на проектот.
(Резимето треба да одговара на содржината на проектот и да не е подолго од 200 зборови или 1-2 страници)

**Општата цел на проектот е**: Подобрување на социјалните процеси и услови преку обезбедување на професионална грижа за стари лица, лица со посебни потреби и лица со Алцхајмерова болест и интелектуална попреченост.

**Целта на проектот на проектот е**: Обезбедување на социјална инклузија и работни места за луѓе со социјален ризик и долгорочно невработени лица.

**Планирани активности**:

**А1. – Информативен состанок за започнување на проектот**

Во месеци ноември и декември беа спроведени активности за информирање на целната група што е опфатена со проектот за можностите што ги нуди социјалното претпријатие ХуманаС и посебната верифицирана програма за образование на ворасните и можноста за нивно вработување по

завршувањето на обуката. Ние оствaривме контакти со повеќе здруженија на граѓани и национални мрежи како: Македонска платофрма против сиромаштија, ИнклузиваМ, Јутокраси, СОС Детско село, Сумнал, здруженија на самохрани родители и други организации кои работат со лица во социјален ризик за да споделат информации за обуката што ќе следи во следниот период и можност за вработување на истите. Исто така направиме и идивидуални средби со преставниците на две приватни установи за социјална заштита на стари лица и лица со демнција и Алцхајмер (ПУСЗ ТЕРЗИЕВА и ПУСЗ ИДИЛА). Целта на овие состаноци беше поддршката во порцесот на спроведување на обуката но и можноста да дел од учесниците доколку за извесен период неможе да се вклопат во работата на

**Извор на верификација**: листа на состаноци со приватни установи и ГО.

**А2. Отворен повик за 10 учесниците во обуката според посебната верифицирана програма за негуватели/ки за стари лица, алцхајемр деменции и попреченост.**

Заради избор на 10 учесници на обуката заснована на програмата за стручно образование и обука, проектниот тим создаде посебен повик за обука. Во периодот од 14-ти ноеври до 16-ти декември беше отворен јавен повик за апликации за учесници да ја следат програмата за стручно образование и обука за нега на стари лица и лица со Алцхајмерова болест. Јавниот повик беше споделен со граѓанските организации со кои претходно имавме контакт, како и мрежите. Како резултат на повикот 40 лица се пријавиле на овој повик. Со повеќето од нив оствaривме телефонска комуникација и беше организирана почетна средба со обучувачие за финалниот избор на 10 учесници.

**Извор на верификација:** Јавен повик http://humanost.org.mk/јавен-повик-за-пријавување-за-обука-за/
Пријава https://bit.ly/2NFgexQ

**А3. Обука за 10 учесници на 4 месечна обука (теотреска и практична настава) според псоебната верифицирана програма за образование на возрасните за стекување на професионални компетенции за нега во домашни услови**

Програмата за стручно образование и обука беше предвидено да се испорача во периодот јануари-април 2020 година. Учесниците физички беа присутни на предавања и пракса се до 11 март 2020 година се до прогласувањето на пандемијата предизвикана од корна вирусот КОВИД 19. По долчо чекање за да се создадат услови за физико одржување на обуката но и следење на целата ситуација, учесниците последните модули ги слушаа онлајн преку ЗООМ платформата. Програмата за стручно образование и обука се состои од 12 модули или 300 часа теоретски и практичен дел.

**Извор на верификација:** Список на учество, , Извештај од обучувачи на програмата за стручно образование и обука. Финален зивештај за обуката.

**А4. Полагање и сертифицирање на учесниците од обуката според посебната програма**

Завршното тестирање на кандидатите се реализира во два дела (онлајн полагање) и тоа завшен онлајн тест на 14.06.2019 година, на на закажаниот датум се појавија 8 кандидати. Завршено онлајн усно испитување преку ЗООМ платформата (прашања и студија на случај, полагање пред коисија), се одржа на 17.06.2020, 8 кандидати се појавија на испитот. По направената евалуација на тестовите и оценка од комисјата 8 кандидати го положија испитот според Законот за образование на возрасни.

Коментари: Според законот за образование на возрасни, учесниците кои имаат учество од 70% на обука имаат можност да го полагаат испитот. Учесниците мора да имаат положено повеќе од 50% од прашањата во доставениот материјал. Комисијата, преку студија на случај, одлучува дали кандидатот ги стекнал надлежностите и дали е во состојба да ги извршува своите работни обврски.

**Извор на верификација**: Уверенија, извештај од комисијата, Завршен извештај.

**А5. Информативна сесија со сертифицираните учесници за можностите, начинот на вработување и нивен иден ангажман во социјалните сервиси.**

Информативната сесија се одржа онлајн преку ЗООМ палтформата каде што на учесниците кои го положија испитот им беа преставени можностите и условите за работа во социјалното претпријатие ХуманаС.

**А6. Финален извештај и промоција на резултатите**

Финалниот извештај се подготвување во периодот од 18.06.2020 до 20.06.2020 година од стана на проектниот тим и одговорните лица. Промоцијата на резултатите од проекто следуваат во периодот јули-август.

**Очекувани резултати и индикатори**:

**Индикатор 1 / Резултат 1. Обучени и сертифицирани 10 асистенти – негуватели/ки за нега во домашни услови или специјализирани центри.**

Програмата беше целосно испорачана. За целите на испорака на обука заснована на програма за стручно образование и обука, беа избрани 10 кандидати за учество во програмата. Треба да се напоменеме дека повеќе од 40 лица се пријавија на програмата за стручно образование и обука. Програмата за обука беше спроведена успешно, со 300 часа и 12 модули за „Асистенти за нега на лица со деменција-Алцхајмер и интелектуална попреченост. Обучувачите и експертите се ангажираа за испорака на обуката за програма за стручно образование и обука во рок од 4 месеци заедно со тимот на Хуманост специјални модуларни пакетни презентации и 1 книга, книга со 144 страници за програмата „Асистенти за домашна нега".

**Индиикатор /Резултат 2. Обезбедување на професионална нега во домашни услови , центри за лица со деменција - Алцхајмерова и мали групни домови.**

Во согласност со програмата за стручно образование и обука, учесниците во теоретскиот и практичниот дел ги стекнаа сите потребни вештини и компетенции.

Тековна вредност за индикаторот: Во согласност со програмата, учесниците по завршувањето на истата, стекнуваат компетенции за помош и поддршка во домот со корисниците, грижа за лична хигиена, обезбедуваат храна и медицински материјали, комуникација и социјализација, препознавање и регистрација на одредени промени кај корисниците, примена на ергономски принципи, основно лекување на рани, следење на работниот план на корисникот и потребните законскирегулативите, веќе споменатите 8 учесници се стекнаа со потребните компетенции.

**Индикатор 3/Резултат 3. Вработување на лица со социјален ризик и долгорочно невработени лица од различни етнички групи преку обезбедување на социјални услуги во социјалното претријатие или специјалзирани центри.**

По завршување на обуката на информативната онлајн сесија со положените кандидати им беја објаснети условите за работа и можностите кои ги нуди социјалното претпријатие ХуманаС. Но исто така им беше напомената и можноста за вработување во центарот за деменција и Алцхајмер. Хуманост и ХуманаС им ја дава можноста и ќе обезбеди поддршка за вработување со почитување на нивната волја и одлуки

**Специфични цели / исходи на проектот**

Во текот на проектот, проектниот тим успеа да ги испорача сите планирани активности, со што постигнувањето на исходите се во согласност со проектот. Проекот во своето времетраење се соочи со серизона последици предизвикана од падемијата од корна вирусот КОВИД 19, при што учесниците немаа можности физички да присуствуваат на теоретските и практичните предавања на обуката. Па затоа Хуманост се прилагоди кон новите предизивици и иовозможи усчесниците да ги следата преостанатите предавања и полагање онлајн.

**3. Спроведени активности и резултати од проектот**

Наведете ги активностите (како што се предвидени во проектот), опишете ги преземените активности со периодот на спроведување и постигнатите резултати

| Активност (како што е предвидено со проектот) | Опис на спроведената активност | Период на спроведување | Постигнати резултати |
|---|---|---|---|
| А1– Информативен состанок за започнување на проектот | Во месец номври 2019 година, се одржа информативен состанок за започнување на проектот со преставници од ГО, мрежи и ПУСЗ ТЕРЗИЕВА и ПУСЗ Идила-Терзиева | Ноември-декември 2019 | Поддршка во спроведување на проектот и обуката |
| А2. Отворен повик за 10 учесниците во обуката според посебната верифицирана програма за | Во периодот ноември -декември 2019 година, беше отворен јавниот повик за учество на посебната верифицирана програма за „Асистент за нега на лица - | 14 ноември 2019 – 16 декември 2019 | Пријавување и избор на учесниците за обуката „Асистент за нега на лица - |

| | | | |
|---|---|---|---|
| Асистент за нега на лица - Алцхајмерова болест и интелектуална попреченост | Алцхајмерова болест и интелектуална попреченост" | | Алцхајмерова болест и интелектуална попреченост„ |
| А3- Обука за 10 учесници на 4 месечна обука (теотреска и практична настава) според псоебната верифицирана програма | Обуката „Асистент за нега на лица - Алцхајмерова болест и интелектуална попреченост" со вкупно 300 часа теорија и пракса, верифицирана од МОН и ЦОВ, започна со релизација од 15 јануари 2020 година и истата ќе се реалзира до 30 април 2020. Во периодот на известување се спроведени 3 тематски единици/модули и тоа:<br>1. Нормативна рамка на права и услуги од социјална заштита на лицата со деменција и интелектуална попреченост;<br>2. Стандарди за работа во дом и институција;<br>3. Организација и план за работа со корисникот; | 15 јануари 2020- 17 јуни 2020 | Обука за 10 асистенти –за нега во домашни услови или специјализирани центри. |
| А4. Полагање и сертифицирање на учесниците од обуката според посебната програма | Завршното тестирање на кандидатите преку усмен и писмен дела за проверка на знаењето и стекнатите компетенции од обуката | 14јуни до 17 јуни 2020 | Стекување на професионални компетенции и вештини за испорака на професионална нега кон крајните корисници |
| А5. Информативна сесија со сертифицираните учесници за можностите, начинот на вработување и нивен иден ангажман во социјалните сервиси | 1. Направена е изнформаивна сесија со учесниците преку ЗООМ платформата.<br>2. Остварени се два состанока со ПУСЗ ТЕРЗИЕВА И Центарот за деменција и Алцхајмер ИДИЛА-ТЕРЗИЕВА. | Април -јуни 2020 | Идни можности за вработување на учесниците |
| Набвка на опрема | Во месец јануари се спроведува и креира псотапката за набавка на опрема за потребите на социјалното претријатие ХуманаС (набавка на ранци, маици и апарати за мерење на крвен притсок, топломери и маски) | 27 јануари – 30 јануари 2020 | Набавка на 10 апарати за мерење на крвен притисок, 10 ранци и 10 маици, 10 топломери , 20 маски) |

**4. Проблеми во спроведување на проектот** (Наведете доколку имало проблеми во спроведувањето на активностите на проектот, вклучително и доцнење и како тоа влијаело на постигнување на резултатите и целите на проектот)

Проблеми со кои се соочивме при реалзиација на овој проект се : последици предизвикана од падемијата од корна вирусот КОВИД 19, при што учесниците немаа можности физички да присуствуваат на теоретските и практичните предавања на обуката. Па затоа Хуманост се прилагоди кон новите предизивици и иовозможи усчесниците да ги следата преостанатите предавања и полагање онлајн. Исто така поради неможноста на двајца од кандидатие да присуствуваат поради други причини на онлајн предавањата истите според Законот за образование на возрасни и правилниците неможеа да се стекнат со правото на полагање на завршниот испит. Во периодот на пандемија се соочивме со проблем на испорака на новите сертификати (според законот имаме само една печатница која ги печати и

испорачува овие сертификати) кои требаше да бидат доделени на положените 8 кандидати. Хуманост издаде посебни уверенија за положените кандидати и по пристигнување на новите сертификати (со промена на уставнот име на дрќавата на нив) ќе им бидат поделени на кандидатите. Во време на падемијата во месеците март до јуни Хуманост и СП ХуманаС целосно ги насочија своите капацитети кон поддршка на возрасните лица, лица со попреченост и хронично болните лица во набавка на храна, лекови и плаќање на сметки како и делење на хуманитрана помош на маргинализираните лица. Покрај нега во домот се формира и мобилен тим за да одговори на потребите на оваа целна група како и зачувување на нивното здравје од корона вирусот КОВИД 19. Бкупно беа опфатени приближно 200 лица со мобилниот тим и хега во домот.

## 5. Видливост и јавност (Одржани конференции, јавни настани, подготвени публикации, објави во медиуми за проектот и сл.)

| Активност | Индикатори | | |
|---|---|---|---|
| | Број на учесници | Број на примероци | Објави во медиуми/ опфатени луѓе |
| Обука за асистенти | 10 | | |
| - Објава на проектот на официјалната веб страна на Хуманост (www.humanost.org.mk) | | | 4 030 |
| Објава на јавниот повик на официјалната веб страна на Хуманост и официјалната Фејсбук страна на Хуманост | | | 9 938 |
| Мобилен тим- помош со сравување на КОВИД 19 | | | 12952 |
| Маици -опрема со логото на Хуманост и Влада | | 10 | |
| Ранци-опрема-со логото на Хуманост и Влада | | 10 | |

## 6. Заклучоци за постигнување на целите, идни активности и одржливост на проектот

Целите и резултатите од проектот се целосно се испорачани и реализирани. Социјалното претпријатие ХуманаС ќе биде одржливо преку промовирање на услуги на локално и национално ниво. Насочување на соодветни клиенти и висок квалитет на дадената професионална услуга, доверба, ефективна соработка со сродни социјални организации (пензиски компании, локална самоуправа, болници, старечки домови, лица со посебни потреби, лица со деменција и Алцхајмерова болест). Единствената можност што ја нуди нашето социјално претпријатие е дека нашите клиенти имаат можност да останат подолго во своите домови без потреба од институционална грижа, прифатлива цена за клиентите и нивните семејства.

Самите клиенти имаат можност да изберат динамика и времетраење на користење на нашите услуги и имаме професионално овластен тим. Како што споменавме на почетокот, можноста за поддршка на социјалните претпријатија од страна на локалната самоуправа со субвенционирање на услугите за нега, поддршка од страна на централната власт во развојот на социјалните партнерства и процесот на деинституционализација каде се можностите и поддршката за развој отворено специјализирани центри, дневни центри и домови за мали групи. Понатаму, важен сегмент во одржливоста на нашето социјално претпријатие е финансиската поддршка од единиците на локалната самоуправа. Социјалното претпријатие соработува со Општина Центар, каде ја субвенционираат грижата за граѓаните на општината, која се испорачува во нивните домови. Во иднина, општините Струмица и Демир Капија преку соработка со социјалното претпријатие ќе субвенционираат професионална грижа за граѓаните во нивните домови.

## 7. Финансиски извештај

| Структура на трошоци | Доделени средства (според Буџетот на Предлог-проектот) | Реализирани трошоци | Забелешка |
|---|---|---|---|
| **I. Вработени (вкупно)** | | | |
| Плати | 100.000,00 | 100.000,00 | Трошоците се во целост реализрани |
| Придонеси и даноци од плати | 48.348,00 | 48.348,00 | Трошоците се во целост реализрани |
| Надоместоци и хонорари | | | |
| Придонеси и даноци од надоместоци и од хонорари | | | |
| **II. Патни трошоци (вкупно)** | | | |
| Транспорт | 16.000,00 | 16.000,00 | Трошоците се во целост реализрани |
| Хотелско сместување | | | |
| Дневници | | | |
| **III. Опрема (вкупно)** | | | |
| ИТ - опрема | | | |
| Мебел | | | |
| Друга опрема (специфицирај) | | | |
| **IV. Канцелариски материјали (вкупно)** | | | |
| Канцелариски материјали | 16.000,00 | 16.000,00 | Трошоците се во целост реализрани |
| Други трошоци (специфицирај)- опрема за асистенти | 40,000,00 | 40,000,00 | Трошоците се во целост реализрани |
| **V. Други директни трошоци (вкупно)** | | | |
| Трошоци за комуникација Интернет | 5.600,00 | 5.600,00 | Трошоците се во целост реализрани |
| Банкарски провизии | 4.052,00 | 4.052,00 | Трошоците се во целост реализрани |
| **VI. Индиректни трошоци (вкупно)** | | | |
| Користење канцеларија | 88.000,00 | 88.000,00 | Трошоците се во целост реализрани |
| Други индиректни трошоци (специфицирај) | | | |
| **VII. Специфични трошоци поврзани со програмата** | | | |

| | | | |
|---|---|---|---|
| **(вкупно) -** *искористете ги овие ставки и, доколку е потребно, додадете детали или ставки што се релевантни за вашата програма* | | | |
| Договори за услуги | | | |
| Изнајмување простории за организирање настани | | | |
| Публикации | | | |
| Конференции и работилници -обука според програма | 250.000,00 | 250.000,00 | Трошоците се во целост реализрани |
| Комуникациски продукти | | | |
| **Вкупни трошоци (I+II+III+IV+V+VI+VII)** | **600,000,00** | **600.000,00** | **Трошоците за проектот се во целост реализрани** |

**8. Документација**
(Наведете листа на документи што се доставуваат во прилог на Завршниот извештај)

Согласно член 11 став 3 од Договорот за обезбедување на финансиска поддршка, во прилог на Завршниот извештај задолжително се доставува:
1 Вработени
- Договор, решение, декларации за плати, пресметки изводи од банка.
2. Патни трошоци
-Листи на службени патувања, налзои, изводи од банка, одлука, решение, правилник
4. Канцелариски материјали
- Канцелариски материјали- фактура, извод од банка
-Други трошоци-опрема- фактури, изводи од банка, фискални
5. Други директни трошоци
- мобилен- фактири, пресметки, изводи од банка
-Банкарски провизии- изводи од банка
-Режиски трошоци- фактури од ЕВН, БЕГ, Бодовод, МКХОСТ и изводи од банка
6. Индиректни трошоци
- Користење на канцеларија- Договор, Рекапитулари, пресметка и и зводи од банка
7.Специфични трошоци поврзани со програмата
- Листа на учесници, договори со учесници, динамики, извештаи обучувачи, договри обучувачи,рекапитулари и пресметки обучувачи и ментори, ф-ри за простор, договор за простор, завршен извештај, потврди , фактури за набавка на материјали и изводи од банка

Скопје, 20.06. 2020 год.

Сашко Јованов-Извршен директор
(име, презиме и функција на овластеното лице за застапување на здружението/фондацијата

М.П. Здружение за поддршка и развој ХУМАНОСТ Скопје

(Потпис)